**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**СКОПЈЕ**

Согласно Решението за распишување на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, бр. 09-1422/1 од 16.02.2020 година и Решение за изменување и дополнување на решението за распишување на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, бр. 09-2094/1 од 15.06.2020 година, донесени од Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија а врз основа на членот 3 од Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија на 15 јули 2020 година, број 44-5638/1 од 15.06.2020 година, објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 160 од 15.10.2020 година, согласно член 15 ставовите 2 и 3 од Изборниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19 и 42/20), Државната изборна комисија на седницата одржана на 16 јуни 2020 година донесе

# Р Е В И Д И Р А Н   Р О К О В Н И К

**за продолжување на изборните дејствија за спроведување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија**
**15 јули 2020 година**

## I. ОДРЖУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

I.1. Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Предвремени парламентарни избори 2020) ќе се одржат на 15 јули 2020 г.

I.2. Во Дипломатско – конзуларните претставништва и конзуларните канцеларии на Република Северна Македонија во странство, нема да се организира гласање, согласно Решението на ДИК, бр. 10-976/1 од 17.03.2020 година.

## II. ОРГАНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

II.1 ДИК во континуитет ги дополнува ОИК со нови членови и заменици на место на членовите и замениците на кои по разни основи им престанал мандатот во комисиите. Одлуките со кои се дополнуваат ОИК се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија" (член 35 ст. 1)

II.2 ОИК во континуитет ги дополнува ИО со нови членови и заменици на место на членовите и замениците на кои по разни основи им престанал мандатот во комисиите, најдоцна 10 дена пред денот на изборите.

II.3. ДИК во рок од три дена од денот на влегувањето на сила на Уредбата бр. 44-5638/1 доставува барање до Министерството за здравство (во понатамошниот текст: МЗ) за доставување на податоци за здравствени работници систематизирани по општини според адресата на местото на живеење, заради формирање на посебни избирачки одбори кои ќе го спроведат гласањето на избирачите кои се во домашен карантин заради позитивен тест на КОВИД-19 и лицата на кои им е одредена мерка самоизолација со решение од Државен санитарени и здравствен инспекторат (член 5 став 4 од Уредбата бр. 44-5638/ од 15.06.2020 г)
**Најдоцна до 18 јуни 2020 г**

II.4. МЗ, податоци за здравствени работници, систематизирани по општини според адресата на местото на живеење ги доставува до ДИК во рок од три дена од денот на добиеното барање. **Најдоцна до 21 јуни 2020 г.**